ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 02-17/28
15.04.2026

ЈП ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА
ПАРКИНЗИ
НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 89/2022, 274/2022, 208/2024 и 193/2025), член 38 од Статутот на јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар – Скопје (Службен гласник на Општина Центар број 04/26) и Одлуката за утврдување на сервисните и станбените улици на подрачјето на Општина Центар-Скопје број 07-3538/2 (Службен гласник на Град Скопје број 16/05), Управниот одбор на својата 52-та седница одржана на ден 15.04.2026 година донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат условите, начинот и постапката на издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта (*во понатамошниот текст ППК*) со кои управува Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар-Скопје (*во понатамошниот текст ЈП ПОЦ*), видовите на повластени паркинг карти кои ги издава Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар-Скопје, како и начинот на водење на евиденција на издадените паркинг карти.

При примената на овој Правилник соодветно се применуваат Одлуката за организација и начин на наплата на јавните паркиралишта од значење за Општина Центар-Скопје, Правилникот за користење на јавните паркиралишта од значење за Општина Центар-Скопје, Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта со кои управува ЈП Паркинзи на Општина Центар- Скопје
како и другите акти донесени од Управниот одбор на ЈП ПОЦ и Советот на Општина Центар-Скопје.

## II. ВИДОВИ НА ППК

**Член 2**

Согласно овој Правилник се утврдуваат следните видови на ППК и тоа:

<u>ОПШТИ ВИДОВИ ППК</u>

1. **ПКЖ**– Паркинг карта за жители на Општина Центар – Скопје
2. **ПКСП** – Паркинг карта за сопствен паркинг
3. **ПКД** – Паркинг карта за деловен субјект со седиште или подружница во Општина Центар во опфат на јавно паркиралиште со кое стопанисува јавното претпријатие или за вработени во деловен субјект со седиште или подружница во Општина Центар во опфат на јавно паркиралиште со кое стопанисува јавното претпријатие
4. **ВПК** – Времена паркинг карта
5. **ПКИ** – Паркинг карта за инвалиди

<u>ПОСЕБНИ ВИДОВИ ППК</u>

1. **ПКОЦ** - Паркинг карта за вработени во правни лица основани од Општина Центар – Скопје
2. **Зелена платежна картичка (GREEN PAY CARD)**
3. **ПККГ** – Паркинг карта за катна гаража "Судска палата"

ДРУГИ ТИПОВИ НА ППК

1. **Мобилна бизнис паркинг карта**
2. **НМПК** – Новинарска мобилна паркинг карта

ПАРКИНГ КАРТИ КОИ СЕ ИЗДАВААТ ЕДИНСТВЕНО ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКАТА ПЛАТФОРМА НА ОРГАНИЗАТОРОТ НА ПАРКИРАЊЕТО

1. **ПКЖОЦ +**
2. Дневна гостинска паркинг карта
3. Неделна гостинска паркинг карта
4. Мулти неделна паркинг карта
5. Месечна паркинг карта

ППК МОЖЕ ДА БИДЕ ИЗДАДЕНА ВО ЗАВИСНОСТ ОД ПЕРИОДОТ НА ВАЖНОСТ НА КОРИСНИЧКИОТ ДОГОВОР.

## III. НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ НА ППК

### Член 3

ППК се издава врз основа на претходно поднесено писмено барање до јавното претпријатие со потребната документација доставена во прилог или преку електронски пат (преку регистрираниот кориснички профил на електронската платформа на јавното претпријатие).

Барање за издавање на ППК може да поднесе секое физичко или правно лице, кое има намера да склучи кориснички договор со јавното претпријатие.

По поднесување на барањата, стручните служби на јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар ги разгледуваат истите во однос на исполнетост на условите и можноста за издавање на ППК.

По потреба, поднесените барања за издавање на ППК се разгледуваат од страна на Комисија составена од вработени лица на јавното претпријатие.

## IV. ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ППК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ

### Член 4

Стручните служби на претпријатието за секое поднесено барање одлучуваат во рок од 7 (седум) работни дена од денот на неговото поднесување.

Поднесеното барање може да биде прифатено или одбиено, во зависност од тоа дали се исполнети посебните услови за издавање на ППК и капацитетот на слободни паркинг места на располагање на јавните паркиралишта со кои управува јавното претпријатие Паркинзи на Општина Центар, како општ услов за склучување на кориснички договор.

### Член 5

Подносителот на барањето при склучувањето на корисничкиот договор е должен да ги достави сите потребни документи, со цел да се утврди нивната веродостојност и

исполнетост на условите за склучување на корисничкиот договор.
Во случај корисникот во прилог на барањето да поднесува документи на јазик различен од македонскиот јазик и кирилично писмо, документите треба да бидат доставени со превод од овластен преведувач.
Откако ќе се утврди исполнетост на условите за склучување на кориснички договор и откако ќе се изврши уплата на надоместокот, Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар и корисникот на услугите пристапуваат кон склучување на договор за користење на јавно паркиралиште со наплата.
Во договорот детално се определуваат правата и обврските на двете договорни страни, а правата на користење на поволностите се остваруваат по потпишувањето и подигнувањето на корисничкиот договор.
Подносителот на барањето кое е одобрено е должен да го потпише договорот во рок од 7 (седум) дена од денот на неговото одобрување.
Доколку подносителот на барањето не го потпише договорот во рокот определен во став 5 од овој член ќе се смета дека барањето воопшто не е поднесено.
Во зависност од склучениот договор за користење на јавно паркиралиште со наплата се издава и повластена паркинг карта, со период на важност како и корисничкиот договор.
Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар доколку утврди потреба може во секој момент да изврши ревизија на склучениот кориснички договор и да побара од корисникот на услугата да ги достави на увид сите документи врз основа на кој е склучен корисничкиот договор а кои се услов за склучување на истиот, а корисникот на услугата е должен истите да ги достави до јавното претпријатие најдоцна во рок од 10 (десет) дена од денот кога јавното претпријатие ги побарало документите на увид.
Доколку корисникот на услугата не постапи по барањето од претходниот став на ЈП ПОЦ во определениот рок, ќе се смета дека корисникот не ги исполнува условите за конкретниот вид на кориснички договор и истиот ќе биде еднострано раскинат од страна на јавното претпријатие.

**Член 6**

Подносителот на барањето кое е одбиено, има право на консултација во врска со донесената одлука
од страна на стручните служби на претпријатието.
Консултацијата по одбиеното барање се закажува со Раководителот на Секторот за јавни паркиралишта и пајак служба или друго лице вработено во претпријатието, претходно овластено од Директорот на претпријатието.
Доколку подносителот на веќе еднаш одбиено барање, поради променети околности ги исполни условите за склучување на кориснички договор со јавното претпријатие, истиот има право да поднесе повторно барање.

## V. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

**Член 7**

Конкретното времетраење на договорот за користење на јавно паркиралиште со наплата се определува во моментот на склучување на истиот.
Издадената повластена паркинг карта е со определено времетраење во зависност од

важноста на корисничкиот договор, со можност за обновување.

Корисникот на ППК при склучување на кориснички договор со наплата задолжително врши уплата на првата рата зависно од видот на кориснички договор како и административен трошок во висина од 200 денари за изработка на кориснички договор во согласност со посебните услови.

Административниот трошок определен во став 3 од овој член не се однесува на корисниците на повластена паркинг карта за инвалиди (ПКИ), зелена платежна картичка(GREEN PAY CARD) и корисниците на повластена паркинг карта на кој им е издаден кориснички договор по електронски пат преку електронската платформа на јавното претпријатие.

Корисникот може да го продолжи корисничкиот договор најрано во рок од 30 дена пред денот на истекот на важноста на тековниот договор, а најдоцна до денот на истекот на важноста на склучениот договор.

Овластеното лице од страна на претпријатието може да го обнови корисничкиот договор на корисникот, под услов корисникот да нема неплатен долг кон јавното претпријатие и сеуште да ги исполнува бараните услови за конкретниот вид на повластена паркинг карта (посебни услови), а воедно да постои и капацитет на слободни паркинг места на јавните паркиралишта со коишто располага претпријатието (општи услови).

Правото на користење на услугите се остварува по потпишувањето и подигнувањето на корисничкиот договор, односно по негово потврдување и плаќање доколку договорот се издава по електронски пат преку електронската платформа на јавното претпријатие.

Во корисничкиот договор детално се определуваат правата и обврските на двете договорни страни.

Корисничкиот договор се склучува и потпишува лично, а во случај кога корисничкиот договор се склучува со правно лице, договорот го потпишува овластеното лице во правното лице или лице на коешто му е издадено специјално полномошно за потпишување на корисничкиот договор заверено на нотар.

Во случај на изгубена оштетена или украдена магнетна картица, мобилна бизнис паркинг карта и новинарска мобилна паркинг карта(НМПК) корисникот е должен ВЕДНАШ да го извести јавното претпријатие за настанатите околности преку писмено известување до архивата на истото.

Корисникот е должен да достави и писмено барање за издавање на нова магнетна картица, мобилна бизнис паркинг карта и новинарска мобилна паркинг карта(НМПК) со рок на важност исто како и изгубената, оштетена или украдена, на истиот начин определен во претходниот став на овој член.

Новата магнетна картица, мобилна бизнис паркинг карта и новинарска мобилна паркинг карта(НМПК) се издава на товар на корисникот на јавното паркиралиште, со надоместок, согласно Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта со кои управува ЈП Паркинзи на Општина Центар.

Корисниците на магнетна картица се должни истата да ја користат единствено за возилото за која е издадена. Доколку се утврди злоупотреба на магнетната картица од страна на корисникот, јавното претпријатие може да ја деактивира магнетната картичка до денот на важноста на склучениот кориснички договор врз основа на кој истста е издадена.

Корисниците не полагаат никакви сопственички права врз магнетната картица, мобилната бизнис паркинг карта, новинарската мобилна паркинг карта(НМПК) и зелената платежна

картичка(GREEN PAY CARD), ниту пак имаат право да ја отстапат на користење на трето лице, да ја заменат или да ја препродадат.

Раскинување на договор од страна на корисникот се врши лично со поднесување на писмено барање до архивата на јавното претпријатие или преку електронски пат (преку регистрираниот кориснички профил на електронската платформа на јавното претпријатие) доколку корисничкиот договор е издаден по електронски пат, со ЗАДОЛЖИТЕЛНО наведување на датумот на престанок. Раскинување на договор од корисник по електронски пат со испраќање на барање преку електронска пошта не се прифаќа.

Во случај на поднесено барање за раскинување, корисникот на јавното паркиралиште е должен да го плати пристигнатиот, но неплатен долг кон јавното претпријатие вклучително и надоместокот за тековниот месец.

Доколку настанат променети околности на страната на корисникот на јавното паркиралиште, истиот е должен ВЕДНАШ, а најдоцна во рок од 3 дена од денот на променетите околности да го извести јавното претпријатие, со што ќе се смета дека корисникот го продолжил договорот со рок на важност како и основниот договор.

## VI. ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗДАДЕНИ ППК

**Член 8**

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар води единствен регистар на издадени повластени паркинг карти односно склучени кориснички договори.

Регистарот за издадени повластени паркинг карти и склучени кориснички договори се состои од досие за корисник на повластена паркинг карта што ги содржи единствено неопходните податоци, кои се предмет на обработка од страна на претпријатието, а во врска со остварување на корисничките права определени со склучениот договор.

Податоците за корисниците со кои располага јавното претпријатие се заштитени и се обработуваат
во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

## VII. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ППК

**Член 9**

Општиот услов за склучување на кориснички договор врз основа на кој се издава повластена паркинг карта е капацитетот на слободни паркинг места со кои располага Јавното претпријатие за
јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар.

## VIII. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ ППК

**Член 10**

Посебните услови кои треба да ги исполнува подносителот на барањето за издавање на повластена паркинг карта, како и документите кои треба да се доставaт како доказ за исполнување на потребните услови при склучување на договорот утврдени се во зависност од видот на повластената паркинг карта.

## IX. ВИДОВИ НА ПОВЛАСТЕНИ ПАРКИНГ КАРТИ И ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ИЗДАВАЊЕ

## IX.1 ПКЖ - ПОВЛАСТЕНИ ПАРКИНГ КАРТИ ЗА ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ

**Член 11**

Во зависност од условите коишто ги исполнуваат корисниците, јавното претпријатие Паркинзи на Општина Центар на жителите на Општина Центар може да им издаде еден од следните подвидови на ПКЖ и тоа:

1.**ПКЖОЦ** – повластена паркинг карта за жители на Општина Центар според личната карта кои имаат во сопственост патничко моторно возило;

2.**ПКЖП** – повластена паркинг карта за жители на Општина Центар кои користат патничко моторно возило за кое им е издадено полномошно;

3.**ПКЖС** – повластена паркинг карта за жители на Општина Центар според личната карта кои користат службено патничко моторно возило за приватни цели и

4. **ПКЖВО** – повластена паркинг карта за жители на Општина Центар според личната карта со живеалиште надвор од опфат на јавните паркиралишта со кои стопанисува јавното претпријатие согласно податоците од лична карта кои имаат во соптвеност патничко моторно возило.

**Член 12**

**ПКЖОЦ**, како подвид на ПКЖ можат да добијат единствено оние физички лица коишто се жители на Општина Центар со живеалиште во опфат на некое од јавните паркиралишта со кои стопанисува јавното претпријатие и поседуваат патничко моторно возило во нивна сопственост.

ПКЖОЦ се издава по станбена еднница(стан) односно по адреса на живеење, а правото се доделува според редослед на доставени барања, со доказ за исполнетост на условите и со надомест согласно Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта со кои управува ЈП Паркинзи на Општина Центар.

Постапката се одвива хронолошки, а првиот жител на конкретната адреса што ќе поднесе валидно барање има предност пред следните жители.

Во случај кога во текот на траењето на договорот за ПКЖОЦ се извршени промени во однос на сопственоста на станбениот простор за кој е склучен истиот, претходниот сопственик на станбениот простор е должен веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена од денот на променетите околности да го извести јавното претпријатие.

Доколку претходниот сопственик не го известил јавното претпријатие за промената и не го раскинал договорот, со поднесување на барање на новиот сопственик и со приложување на потребните документи како доказ, јавното препријатие по службена должност го раскинува корисничкиот договор на претходниот сопственик/сопственици.

Во тој случај, истиот ќе биде задолжен со надоместок во висина на месечна паркинг места или казнен билет за секој месец во кој не ги исполнувал условите за користење на ПКЖ, во зависност од типот на јавното паркиралиште за кое претходно му е издадена повластена паркинг карта.

Начин на докажување за исполнетост на условите за издавање на ПКЖОЦ е важечка лична карта во која како живеалиште е наведено Општина Центар, сообраќајна дозвола за

патничко моторно возило во сопственост на подносителот на барањето за издавање на повластена паркинг карта како и имотен лист издаден од Агенција за катастар за станбениот простор кој е наведен како нивно живеалиште.

**ПКЖП**, како подвид на ПКЖ можат да добијат единствено оние физички лица коишто се жители на Општина Центар доколку користат патничко моторно возило за кое им е издадено полномошно за управување со патничко моторно возило од сопственикот на возилото, во согласност со условите определени во овој член.

Начин на докажување за исполнетост на условите за издавање на ПКЖП е важечка лична карта во која како живеалиште е наведено Општина Центар, сообраќајна дозвола за патничко моторно возило, полномошно за управување со патничкото моторно возило заверено на нотар, од кое полномошно може да се утврди исполнетоста на условите за издавање на ПКЖП и намената и целта на даденото полномошно, како и имотен лист за станбениот простор кој согласно податоците од лична карта е наведен како нивно живеалиште.

ПКЖП се издава врз основа на нотарски заверено полномошно, под услов и властодавецот и полномошникот да се жители на Општина Центар, а властодавецот да е сопственик на патничкото

моторно возило – предмет на корисничкиот договор и да се во прва линија сродство.

**ПКЖС**, како подвид на ПКЖ може да се издаде на физичко лице – жител на Општина Центар, кое користи службено возило за приватни цели во сопственост на правно лице регистрирано на територијата на Република Северна Македонија. Во тој случај како доказ за исполнетост на условите, дополнително потребно е да се достави и Тековна состојба за правното лице издадена од ЦРРСМ, Копија од М1/М2 образец и ППК1 образец, како и имотен лист за станбениот простор кој согласно податоците од лична карта е наведен како нивно живеалиште.

Корисниците на ПКЖОЦ, ПКЖП и ПКЖС може да ги користат без временско ограничување резидентните улици и паркиралишта и јавните паркиралишта од комерцијален тип со кои стопанисува организаторот на паркирањето единствено во паркинг секторот каде што имаат живеалиште.

Останатите јавни паркиралишта со кои управува претпријатието, корисниците на ПКЖОЦ, ПКЖП и ПКЖС може да ги користат под општите услови за користење на јавните паркиралишта.

Корисниците на ПКЖОЦ може да направат надградување односно надополнување на услугата со цел користење на комерцијалните јавни паркиралишта од отворен тип, надвор од опфатот на секторот каде што имаат живеалиште со издавање на паркинг карта ПКЖОЦ+, **единствено преку електронската платформа на организаторот на паркирањето** и со надоместок утврден во Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта со кои управува ЈП Паркинзи на Општина Центар.

Начинот на издавање на повластената паркинг карта –ПКЖОЦ +,подетално е опишан во овој Правилник во глава XII. - ПАРКИНГ КАРТИ КОИ СЕ ИЗДАВААТ ЕДИНСТВЕНО ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКАТА ПЛАТФОРМА НА ОРГАНИЗАТОРОТ НА ПАРКИРАЊЕТО.

**ПКЖВО** како подвид на ПКЖ можат да добијат единствено оние физички лица коишто се жители на Општина Центар со живеалиште надвор од опфат на некое од јавните паркиралишта со кои стопанисува јавното претпријатие и поседуваат патничко моторно

возило во нивна сопственост.
Начин на докажување за исполнетост на условите за издавање на ПКЖВО е важечка лична карта во која како живеалиште е наведено Општина Центар, сообраќајна дозвола за патничко моторно возило во сопственост на подносителот на барањето за издавање на повластена паркинг карта како и имотен лист издаден од Агенција за катастар за станбениот простор кој е наведен како нивно живеалиште.

Корисниците на ПКЖВО може да ги користат без временско ограничување сите комерцијални јавни паркиралишта од отворен тип со кои стопанисува организаторот на паркирањето во Зона I и Зона II.
На корисниците на ПКЖВО може да им се издаде само 1(една) Повластена паркинг карта – ПКЖВО по станбена единица (стан) односно по адреса на живеење, а правото се доделува според редослед на доставени барања, со доказ за исполнетост на условите. Постапката се одвива хронолошки, а прviот жител на конкретната адреса што ќе поднесе валидно барање има предност пред следните жители.

Повластена паркинг карта-ПКЖ може да се издаде и за возило од категорија N1, меѓутоа единствено за возила кои кумулативно ги исполнуваат следните услови: облик и намена на каросерија ББ, маса на возило до 1700 kg и должина на возило до 4800mm. За издавање на ваков вид кориснички договор одлучува интерно работно тело формирано од организаторот на паркирањето.

***1.ПКЖОЦ – повластена паркинг карта за жители на Општина Центар според личната карта, кои имаат во сопственост патничко моторно возило***

**Член 13**

Потребни документи за склучување Договор за користење на јавно паркиралиште со наплата за жител на Општина Центар за издавање на ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА – ПКЖОЦ се:
- Важечка лична карта
- Сообраќајна дозвола за ПМВ издадена од надлежен орган и
- Имотен лист за станбениот простор издаден од Агенција за катастар на недвижности (*Не постар од 1(една) година)*

Времетраењето на важноста на издадената ПКЖОЦ се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.
Одредбите од овој член се однесуваат за издавање на ПКЖОЦ на секоја станбена единица (стан) за прво возило регистрирано на адресата на конкретната станбена единица, но и на станбена единица со повеќе возила регистрирани на адресата на конкретната станбена единица со единствена разлика во однос на надоместокот за користење на услугите на јавното претпријатие и начинот на плаќање на надоместокот.

***2.ПКЖП - повластена паркинг карта за жители на Општина Центар, кои користат патничко моторно возило за кое им е издадено полномошно***

**Член 14**

Потребни документи за склучување Договор за користење на јавно паркиралиште со наплата за издавање на ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА – ПКЖП се:

- Важечка лична карта
- Сообраќајна дозвола за ПМВ издадена од надлежен орган
- Полномошно од сопственикот на ПМВ
- Имотен лист за станбениот простор издаден од Агенција за катастар на недвижности (*Не постар од 1(една) година)*

Времетраењето на важноста на издадената ПКЖП се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.
ПКЖП се издава врз основа на нотарски заверено полномошно, единствено под услов и властодавецот и полномошникот да се жители на Општина Центар, а властодавецот да е сопственик на патничкото моторно возило – предмет на корисничкиот договор и да се во прва линија сродство.
По исклучок, доколку се работи за единствено патничко моторно возило во семејството, ПКЖП се издава врз основа на нотарски заверено полномошно, под услов властодавецот и полномошникот да се сопружници и еден од нив да е жител на Општина Центар, а властодавецот да е сопственик на
патничкото моторно возило – предмет на корисничкиот договор.
Доколку пак властодавецот го издава полномошното за сопствено второ или трето возило, ќе се смета дека барателот на ППК – ПКЖП не ги исполнува условите за користење на повластената паркинг карта.

***3.ПКЖС - повластена паркинг карта за жители на Општина Центар според личната карта, кои користат службено патничко моторно возило за приватни цели.***

**Член 15**

Потребни документи за склучување Договор за користење на јавно паркиралиште со наплата и издавање на ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА – ПКЖС се:

- Важечка лична карта
- Сообраќајна дозвола за ПМВ издадена од надлежен орган
- Тековна состојба издадена од ЦРРСМ за правното лице регистрирано на територијата на Република Северна Македонија (*Не постара од 6 (шест) месеци*)
- ППК1 образец
- Копија од М1/М2 образец
- Имотен лист за станбениот простор издаден од Агенција за катастар на недвижности (*Не постар од 1(една) година)*

Времетраењето на важноста на издадената ПКЖС се определува во согласност со времетраењето на
склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.
Жител на Општина Центар кој користи службено возило за приватни цели може да поднесе барање за издавање на ПКЖС единствено за едно службено возило, доколку истото го користи за приватни цели. Условите за издавање на ПКЖС треба да бидат кумулативно

исполнети, односно корисникот да е жител на Општина Центар и да е вработен во правен субјект кој е регистриран на територијата на Република Северна Македонија.
По исклучок, ПКЖС може да се издаде и на управител на правен субјект во кој не е вработен доколку ги исполнува условите за овој вид на повластена паркинг карта. Исполнетоста на условите управителот ја докажува со доставување на сите документи потребни за издавање на ПКЖС со исклучок на М1/М2 образец и ППК1 образец.
Дополнително, доколку подносителот на барањето за ПКЖС е жител во истиот паркинг сектор каде се наоѓа и седиштето односно подружницата на правниот субјект во кој е вработен, ќе се смета дека не ги исполнува условите за издавање на ПКЖС, освен ако подносителот истовремено е и управител на правното лице.

***4.ПКЖВО – повластена паркинг карта за жители на Општина Центар според личната карта со живеалиште надвор од опфат на јавните паркиралишта со кои стопанисува јавното претпријатие согласно податоците од лична карта, кои имаат во сопственост патничко моторно возило***

**Член 16**

Потребни документи за склучување Договор за користење на јавно паркиралиште со наплата за жител на Општина Центар за издавање на ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА – ПКЖВО се:
- Важечка лична карта
- Сообраќајна дозвола за ПМВ издадена од надлежен орган и
- Имотен лист за станбениот простор издаден од Агенција за катастар на недвижности (*Не постар од 1(една) година)*

Времетраењето на важноста на издадената ПКЖВО се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.
Жител на Општина Центар кој има живеалиште надвор од опфат на јавните паркиралишта со кои стопанисува организаторот на паркирањето може да поднесе барање за издавање на ПКЖВО единствено за 1(едно) возило на една станбена единица (стан). Условите за издавање на ПКЖВО треба да бидат кумулативно исполнети, односно корисникот да е жител на Општина Центар со живеалиште надвор од опфат на јавните паркиралишта со кои стопанисува организаторот на паркирањето, да има сопствено возило и на истата адреса да нема регистрирано друг корисник на ППК-ПКЖ.

**Член 17**

На секое физичко лице коешто е жител на Општина Центар со живеалиште во опфат на јавните паркиралишта со кои стопанисува организаторот на паркирањето, може да му се издадат најмногу до 2(два) кориснички договори за повластена паркинг карта ПКЖ од било кој вид согласно посебните услови утврдени во одребите на овој Правилник.
На една станбена единица(стан) односно на една конкретна адреса може да се издадат најмногу 3 (три) кориснички договори за повластена паркинг карта- ПКЖ од било кој вид согласно посебните услови утврдени во одребите на овој Правилник.

## IX.2 ПКСП – ПОВЛАСТЕНИ ПАРКИНГ КАРТИ ЗА СОПСТВЕН ПАРКИНГ

**Член 18**

Паркинг карта за сопствен паркинг можат да добијат физички и правни лица со жителство, сопственост или седиште на подрачјето на Општина Центар, коишто се сопственици на сопствен простор за паркирање, а единствениот начин за пристап до просторот за паркирање е со поминување преку јавно паркиралиште од затворен тип со кое управува јавното претпријатие Паркинзи на Општина Центар. Овој вид на повластена паркинг карта се издава и на физички лица кои не се жители на Општина Центар, но имаат во сопственост одреден простор за паркирање на територијата на Општина Центар. Во зависност од жителството и сопственоста на просторот за паркирање, јавното претпријатие Паркинзи на Општина Центар може да издаде еден од следните видови на ПКСП и тоа:

1.- **ПКСПЖ**– повластена паркинг карта за физички лица кои се жители на Општина Центар, кои согласно потребната документација имаат сопствен простор за паркирање, во опфат на јавно паркиралиште од затворен тип со кое стопанисува јавното претпријатие;
2.- **ПКСПД** – повластена паркинг карта за правни лица, кои согласно потребната документација имаат во сопственост простор за паркирање, во опфат на јавно паркиралиште од затворен тип со кое стопанисува јавното претпријатие и
3.- **ПКСПФ** – повластена паркинг карта за физички лица кои не се жители на Општина Центар, а кои согласно потребната документација имаат во сопственост одреден простор за паркирање, во опфат на јавно паркиралиште од затворен тип со кое стопанисува јавното претпријатие.

***1.ПКСПЖ – повластена паркинг карта за физички лица – жители на Општина Центар, кои согласно потребната документација имаат сопствен простор за паркирање во Општина Центар***

**Член 19**

Потребни документи за издавање на ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА – ПКСПЖ се:
- Важечка лична карта
- Сообраќајна дозвола за ПМВ издадена од надлежен орган
- Имотен лист за сопствениот простор за паркирање (*Не постар од 1(една) година).*

Времетраењето на важноста на издадената ПКСПЖ се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.
Условите за издавање на ПКСПЖ треба да бидат кумулативно исполнети, односно корисникот да е
жител на Општина Центар и да има во сопственост простор за паркирање.
Корисниците на ПКСПЖ може да ги користат јавните паркиралишта од комерцијален тип на јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар без временско ограничување во ЗОНА I и ЗОНА II.
Корисниците на ПКСПЖ не може да ги користат јавните паркиралишта во ЗОНА 0, ЗОНА X, резидентните улици и паркиралишта, катна гаража „Судска палата“ и јавните паркиралишта од затворен тип кои не се во реонот каде се наоѓа нивниот простор за паркирање.
Корисникот на ПКСПЖ е должен да го паркира своето возило на јавното паркиралиште со

наплата
за кое има добиено ПКСПЖ, односно на јавното паркиралиште во чиј опфат има сопствен простор за паркирање, за што во моментот на склучување на корисничкиот договор со јавното претпријатие, потпишува и изјава дека просторот за паркирање кој го поседува е функционален и е соодветен за таа намена и дека возилото за кое има издадено ПКСПЖ ќе го паркира на сопствениот простор.
Корисникот на ПКСПЖ кој поседува сопствено паркинг место за едно возило, а е сопственик на повеќе возила, ќе му се издаде ПКСПЖ за едно возило, со што се смета дека издадената ППК – ПКСПЖ е издадена за прво возило, а за другите возила ќе добие ППК - ПКЖ согласно условите погоре наведени.

**Член 20**

На корисникот на ПКСПЖ кој согласно документацијата е сопственик на определен простор за паркирање што се наоѓа во опфатот на јавно паркиралиште од затворен тип, во износот на надоместокот за изработка и издавање на ППК-ПКСПЖ е вклучена и изработка на магнетна картица.

***2.ПКСПД – повластена паркинг карта за правни лица со сопствен простор за паркирање во Општина Центар***

**Член 21**

Потребни документи за издавање на ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА – ПКСПД, се:
- Тековна состојба за правното лице издадена од ЦРРСМ (*Не постара од 6 (шест) месеци*)
- Имотен лист за сопствениот простор за паркирање (*Не постар од 1(една) година).*

Времетраењето на важноста на издадената ПКСПД се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.
Корисниците на ПКСПД не може да ги користат јавните паркиралишта на јавното претпријатие за
јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар во ЗОНА 0, ЗОНА X, ЗОНА I и ЗОНА II, ниту пак да ги користат резидентните улици и паркиралишта, катна гаража „Судска палата" и останатите јавни паркиралишта од затворен тип со кои стопанисува организаторот на паркирањето.
Корисникот на ПКСПД е должен да го паркира своето возило на сопствениот простор за паркирање, за што во моментот на склучување на корисничкиот договор со јавното претпријатие, потпишува и изјава дека просторот за паркирање кој го поседува е функционален и е соодветен за таа намена и дека возилото за кое има издадено ПКСПД ќе го паркира на сопствениот простор.

**Член 22**

На корисникот на ПКСПД кој согласно документацијата е сопственик на определен простор за паркирање што се наоѓа во опфатот на јавно паркиралиште од затворен тип, во износот на надоместокот за изработка и издавање на ППК-ПКСПД е вклучена и изработка на магнетна картица.

***3.ПКСПФ – повластена паркинг карта за физички лица кои не се жители на Општина Центар, а кои согласно потребната документација имаат***

***сопствен простор за паркирање во Општина Центар, во опфат на јавно паркиралиште од затворен тип***

**Член 23**

Потребни документи за издавање на ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА – ПКСПФ се:
- Важечка лична карта
- Имотен лист за сопствениот простор за паркирање (*Не постар од 1(една) година)*

Времетраењето на важноста на издадената ПКСПФ се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.
Корисниците на ПКСПФ не може да ги користат јавните паркиралишта на јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар во ЗОНА 0, ЗОНА Х, ЗОНА I и ЗОНА II, ниту пак да ги користат резидентните улици и паркиралишта, катна гаража „Судска палата“ и останатите јавни паркиралишта од затворен тип со кои стопанисува организаторот на паркирањето.
Корисникот на ПКСПФ е должен да го паркира своето возило на сопствениот простор за паркирање, за што во моментот на склучување на корисничкиот договор со јавното претпријатие, потпишува и изјава дека просторот за паркирање кој го поседува е функционален и е соодветен за таа намена и дека возилото за кое има издадено ПКСПФ ќе го паркира на сопствениот простор.

**Член 24**

На корисникот на ПКСПФ кој согласно документацијата е сопственик на определен простор за паркирање што се наоѓа во опфатот на јавно паркиралиште од затворен тип, во износот на надоместокот за изработка и издавање на ППК-ПКСПФ е вклучена и изработка на магнетна картица.

**Член 25**

Доколку корисниците на повластени паркинг карти ПКСП постапуваат спротивно на одредбите на овој правилник и одредбите од корисничкиот договор, ќе се смета дека корисникот го користи јавното паркиралиште од затворен тип согласно општите услови за користење на јавните паркиралишта.

## IX.3 ПКД – ПОВЛАСТЕНИ ПАРКИНГ КАРТИ ЗА ДЕЛОВЕН СУБЈЕКТ

**Член 26**

Во зависност од сопственикот на возилата, Јавното претпријатие Паркинзи на Општина Центар може да издаде еден од следните видови на ПКД и тоа:
1. **ПКДВ** - повластена паркинг карта за патнички моторни возила во сопственост на физички лица вработени во правно лице со седиште или подружница на подрачјето на Општина Центар според тековна состојба за правно лице издадена од ЦРРСМ, во опфатот на јавно паркиралиште со кое стопанисува јавното претпријатие
2. **ПКДС** – повластена паркинг карта за патнички моторни возила во сопственост на правно лице со седиште или подружница на подрачјето на Општина Центар според тековна состојба за правно лице издадена од ЦРРСМ, во опфатот на јавното паркиралиште со кое стопанисува јавното претпријатие.

Корисниците на ППК – ПКД имаат право да го паркираат возилото единствено во

конкретниот паркинг сектор за чиешто користење е склучен договорот.

***1.ПКДВ– повластена паркинг карта за вработени во деловен субјект со седиште или подружница во Општина Центар во опфатот на јавно паркиралиште со кое стопанисува јавното претпријатие***

**Член 27**

Потребни документи за издавање на ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА – ПКДВ се:
- Важечка лична карта
- Сообраќајна дозвола ПМВ издадена од надлежен орган во сопственост на барателот или сообраќајна дозвола за ПМВ и полномошно од сопственикот на ПМВ
- Потврда за редовен работен однос *(Не постара од 1 (еден) месец)* и копија од М1/М2 образец
- Тековна состојба издадена од ЦРРСМ *(Не постара од 6 (шест) месеци)*

Времетраењето на важноста на издадената ПКДВ се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.
Корисниците на ППК – ПКДВ имаат право да се паркираат само во паркинг секторот за чиешто користење е склучен договор, а доколку се работи за јавно паркиралиште од затворен тип единствено на конкретното јавно паркиралиште.
Физичкото лице вработено во деловен субјект со седиште на подрачјето на Општина Центар може да добие само една ППК – ПКДВ за конкретно возило.
По исклучок, ППК – ПКДВ може да се издаде и на физичко лице вработено во правно лице со седиште на подрачјето на Општина Центар – Скопје и со доставување на полономошно за управување со патничкото моторно возило заверено на нотар, доколку властодавецот на полномошното и подносителот на барањето за издавање на ППК – ПКДВ се во прва линија сродство или истите се сопружници, а подносителот нема сопствено патничко моторно возило.

***2.ПКДС – повластена паркинг карта за деловен субјект***

**Член 28**

Повластена паркинг карта за деловен субјект (ПКДС) можат да добијат единствено оние правни лица коишто имаат седиште или подружница на подрачјето на Општина Центар според тековна состојба за правно лице издадена од ЦРРСМ, а се наоѓаат во опфатот на јавното паркиралиште од ЗОНА I и ЗОНА II како и јавните паркиралишта од затворен тип со кое стопанисува јавното претпријатие.
Корисниците на ППК – ПКДС имаат право да се паркираат само во паркинг секторот за чиешто користење е склучен договор, а доколку се работи за јавно паркиралиште од затворен тип единствено на конкретното јавно паркиралиште.
Повластена паркинг карта за деловен субјект (ПКДС) може да се издаде единствено на патничко моторно возило во сопственост на деловниот субјект кој ги исполнува условите.
Начин на докажување за исполнетост на условите за издавање на ПКДС е важечка сообраќајна дозвола за патничкото моторно возило во сопственост на правното лице за кое се бара издавање на повластена паркинг карта и тековна состојба за правно лице издадена од ЦРРСМ како доказ за регистрираното седиште/подружница на деловниот субјект.
На еден деловен субјект, може да му се издадат ППК – ПКДС во зависност од капацитетот

на слободни паркинг места на јавните паркиралишта во опфатот каде се наоѓа седиштето на правното
лице.

**Член 29**

Потребни документи за издавање на повластена паркинг карта – ПКДС, се важечка:
- Сообраќајна дозвола за ПМВ издадена од надлежен орган во сопственост на правното лице
- Тековна состојба издадена од ЦРРСМ (*Не постара од 6 (шест) месеци*)

Времетраењето на важноста на издадената ПКДС се определува во согласност со времетраењето на
склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.

## IX.4 ВПК – ВРЕМЕНА ПАРКИНГ КАРТА

**Член 30**

Јавното претпријатие Паркинзи на Општина Центар може да издаде ППК – ВПКС на следните корисници на јавни паркиралишта со надомест:
1.- Физички лица кои се сопственици на моторно возило и имаат во сопственост станбен простор на подрачјето на Општина Центар, во опфат на јавно претпријатие со кое стопанисува јавното претпријатие, кој не е регистриран како нивно живеалиште според личната карта, а за кој стан поседуваат имотен лист,
2.- Физички лица кои се сопственици на моторно возило, а имаат станбен простор под закуп на подрачјето на Општина Центар, во опфат на јавно претпријатие со кое стопанисува јавното претпријатие, а за кој имаат склучено нотарски заверен договор
3.- Странски физички лица со регулиран престој во Општина Центар, а кои се сопственици на патничко моторно возило – ВПКСС.

**Член 31**

Потребни документи за издавање на ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА – ВПКС, се важечка:
- Лична карта
- Сообраќајна дозвола ПМВ издадена од надлежен орган во сопственост на барателот или сообраќајна дозвола за ПМВ и полномошно од сопственикот на ПМВ
- Договор за закуп заверен од надлежен нотар, односно имотен лист од станбениот простор (*Не постар од од 1(една) година*)

Времетраењето на важноста на издадената ВПКС се определува во согласност со времетраењето на
склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.
Под условите утврдени во член 30, на една станбена единица (стан) може да се издаде ППК-ВПКС единствено за едно возило, доколку на истата адреса не е регистриран друг корисник на ППК.
Доколку на истата адреса веќе е регистриран корисник на ППК, барателот на ППК – ВПКС ќе се смета дека не ги исполнува условите за користење на овој вид повластена паркинг карта.

По исклучок, ППК – ВПКС може да се издаде и на физичко лице кое има во сопственост стан или стан под закуп на подрачјето на Општина Центар – Скопје и со доставување на полномошно за управување со патничкото моторно возило заверено на нотар, доколку властодавецот на полномошното и подносителот на барањето за издавање на ППК – ВПКС се во прва линија сродство или истите се сопружници, а подносителот нема сопствено патничко моторно возило.

Потребни документи за издавање на ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА – ВПКСС, се важечки:
- Документ за идентификација
- Сообраќајна дозвола за ПМВ издадена од надлежен орган во сопственост на барателот
- Потврда за пријавен престој во РМ, на подрачјето на Општина Центар

Повластена паркинг карта-ВПКСС, може да се издаде за користење на јавните паркиралишта со кои стопанисува организаторот на паркирањето од отворен тип и затворен тип, со соодветен надоместок утврден во Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта донесен од страна на организаторот на паркирање, по добиена согласност од Советот на Општина Центар-Скопје.

Времетраењето на важноста на издадената ВПКСС се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.

При склучување на корисничкиот договор, корисникот на ВПКСС должен е да го плати надоместокот утврден во Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта за целокупното времетраење на корисничкиот договор.

## IX.5 ПКИ – ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ИНВАЛИДИ

**Член 32**

Повластена паркинг карта – ПКИ може да им се издаде на лица сопственици на патнички моторни возила кои боледуваат од дистрофија, мултиплекс склероза, церебрална парализа, параплегија, хемиплегија, квадриплемија, детска парализа(полиомиелитис), слепите лица со оштетување на видот над 90%, глувите лица со оштетување на слухот над 90%, лица на дијализа и лица со ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување од 80% утврдено со акт на надлежната комисија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, за коешто се приложува соодветен документ, доколку корисникот даде согласност за обработка на неговите податоци,.

**Член 33**

Физичкото лице со инвалидитет кое исполнува услови согласно член 30 од овој Правилник, може да добие само една повластена паркинг карта ПКИ за конкретно патничко моторно возило.

Со издавањето на кориснички договор за повластена паркинг карта за инвалиди – ПКИ на корисниците им се издаваат и посебни налепници кои корисницните ЗАДОЛЖИТЕЛНО ги истакнуваат на патничкото моторно возило за кое е изваден корисничкиот договор. Во спротивно, ќе се смета дека корисникот постапува спротивно на корисничкиот договор и истиот ќе се смета дека ги користи јавните паркиралишта под општите услови за користење.

Изгледот и содржината на налепниците ги утврдува организаторот на паркирањето согласно позитивните законски норми и утврдените стандарди.

Потребни документи за издавање на Повластена паркинг карта – ПКИ, кои се доставуваат на увид се важечка:
- Важечка лична карта
- Сообраќајна дозвола за ПМВ издадена од надлежен орган со која се потврдува дека возилото е во сопственост на физичкото лице кое остварува право за издавање на ПКИ
- Инвалидска книшка
- Медицинска документација (Извештај, наод/мислење).

**Член 34**

ПКИ издадена на лице со инвалидитет важи за јавните паркиралишта со кои управува јавното претпријатие и тоа:
- со временско ограничување во согласност со дозволеното време на користење на комерцијалното паркиралиште од отворен тип во зависност од зоната на паркирање,
- без временско ограничување на соодветно обележаните места со хоризонтална сообраќајна сигнализација.

Времетраењето на важноста на издадената ПКИ се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година. Повластената паркинг карта - ПКИ за лица со инвалидитет е бесплатна.

## X. – ПОСЕБНИ ВИДОВИ НА ПОВЛАСТЕНИ ПАРКИНГ КАРТИ

### X.1. ПКОЦ - ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ВРАБОТЕНИ ВО ПРАВНИ ЛИЦА ОСНОВАНИ ОД ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ

**Член 35**

ПКОЦ можат да добијат единствено оние физички лица коишто се вработени во правно лице основано од Општина Центар и поседуваат патничко моторно возило во нивна сопственост.
Условите за издавање на ПКОЦ треба да бидат кумулативно исполнети, односно корисникот да е вработен во правно лице основано од Општина Центар и да има во сопственост патничко моторно возило. По исклучок, ПКОЦ може да се издаде и на корисник кој користи возило за кое му е издадено полномошно за управување со патничкото моторно возило заверено на нотар.

Потребни документи кои се доставуваат при склучување на договор со физичко лице вработено во правно лице основано од Општина Центар:
- Важечка лична карта
- Сообраќајна дозвола за ПМВ издадена од надлежен орган во сопственост на барателот
- Потврда за редовен работен однос и
- Копија од М1/М2 образец

**Член 36**

Времетраењето на важноста на издадената ПКОЦ се определува во согласност со времетраењето на

склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.
Физичките лица - корисници на ППК – ПКОЦ имаат право да се паркираат само во паркинг секторот за чиешто користење е склучен договор, а доколку се работи за јавно паркиралиште од затворен тип единствено на конкретното јавно паркиралиште.

Физичкото лице вработено во правното лице основано од Општина Центар може да добие само една ППК – ПКОЦ за конкретно патничко моторно возило.

**Член 37**

Службените патнички моторни возила во сопственост на правните лица основани од Општина Центар и службените патнички моторни возила на Општина Центар- Скопје се ослободени од надоместок.

## X.2. ПККГ – ПАРКИНГ КАРТА ЗА КАТНА ГАРАЖА "СУДСКА ПАЛАТА"

**Член 38**

Паркинг карта за катната гаража „Судска палата" (ПККГ) можат да добијат оние физички или правни лица коишто се сопственици на патничко моторно возило или по исклучок доколку користат возило за кое им е издадено полномошно за управување со патничкото моторно возило заверено на нотар од сопственикот на возилото.
Овој вид на договор може да го склучи секое физичко или правно лице кое:
-ги исполнува посебните услови за издавање на паркинг карти, односно за склучување на кориснички договор и
-кој до денот на продолжување на важноста на веќе издадената паркинг карта нема заостанати обврски кон организаторот на паркирањето.
Општ услов за склучување на кориснички договор врз основа на кој се издава паркинг карта е капацитетот на слободни паркинг места во катната гаража „Судска палата".

**Член 39**

Во зависност од склучениот договор за користење на паркинг место во катната гаража „Судска палата" со наплата се издава и паркинг карта, со период на важност како и корисничкиот договор. Договорот за користење на паркинг место во катната гаража „Судска палата" може да биде со времетраење најдолго до една година.
Правото на користење на услугите се остварува по потпишувањето и подигнувањето на корисничкиот договор и во истиот детално се определуваат правата и обврските на двете договорни страни.

**Член 40**

Согласно овој Правилник на корисниците на катната гаража Судска палата може да им издаде еден од следните подвидови на ПККГи тоа:
1. - ПККГ 1 за прв вид на кориснички договор
2. - ПККГ 2 за втор вид на кориснички договор

**Член 41**

Времетраењето на важноста на издадената ПККГ се определува во согласност со времетраењето на

склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.
Месечниот надоместок за користење на овој вид паркинг карта за катната гаража е утврден со Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта со кои управува организаторот на паркирањето.

**X.2.1 *Прв вид на кориснички договор ПККГ 1***

**Член 42**

Корисниците на ПККГ коишто имаат склучено прв вид на кориснички договор имаат право на користење на паркинг место од катната гаража „Судска палата" секој работен ден во периодот од вкупно 10 часа дневно.
Доколку корисникот на ПККГ 1 ја користи катната гаража „Судска палата" подолго од 10 часа во текот на еден ден, по истекот на 10 часа ќе му се издаде паркинг билет за наплата на услуга по час.
Користењето на услугата за паркирање на патничкото моторно возило во катната гаража „Судска палата" организаторот на паркирањето ја обезбедува во согласност со работното време на објектот.
Доколку корисникот на ПККГ 1 се задржи во објектот по истекот на работното време на катната гаража „Судска палата" и објектот го напушти следниот работен ден, ќе му биде издаден казнен билет, согласно Одлуката за услови и начин на користење на катната гаража „Судска палата".
Месечниот надоместок за користење на овој вид паркинг карта за катната гаража е утврден со Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта со кои управува организаторот на паркирањето.

**X.2.2 *Втор вид на кориснички договор ПККГ 2***

**Член 43**

Корисниците на ПККГ коишто имаат склучено втор вид на кориснички договор имаат право на користење на паркинг место од катната гаража „Судска палата" без ограничено време за користење
на услугата.
Користењето на услугата за паркирање на патничкото моторно возило во катната гаража „Судска палата" организаторот на паркирањето ја обезбедува во согласност со работното време на објектот.
Доколку корисникот на ПККГ 2 се задржи во објектот по истекот на работното време на катната гаража „Судска палата" и објектот го напушти следниот работен ден, на истиот нема да му биде издаден казнен билет.
Месечниот надоместок за користење на овој вид паркинг карта за катната гаража е утврден со Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта со кои управува организаторот на паркирањето.

**Член 44**

Потребни документи кои се доставуваат при склучување на договор за користење на јавен паркинг простор – Катна гаража „Судска палата"со физичко лице се:
- Важечка лична карта
- Сообраќајна дозвола за ПМВ издадена од надлежен орган во сопственост на

барателот или сообраќајна дозвола за ПМВ издадена од надлежен орган и полномошно од сопственикот на ПМВ

По исклучок, договор може да се склучи и со достава на полномошно за управување со патничкото моторно возило заверено на нотар, од кое полномошно може да се утврди исполнетоста на условите за издавање на ПККГ, како и намената и целта на даденото полномошно.

Потребни документи кои се доставуваат при склучување на договор за користење на јавен паркинг простор – Катна гаража „Судска палата" со правно лице се:

- Сообраќајна дозвола за ПМВ издадена од надлежен орган во сопственост на правното лице
- Тековна состојба издадена од ЦРРСМ (*Не постара од 6 (шест) месеци*)

Во случај кога корисничкиот договор се склучува со правно лице, договорот го потпишува овластеното лице во правното лице или лице на коешто му е издадено полномошно за потпишување на корисничкиот договор заверено на нотар.
Корисниците на ПККГ може да ја користат единствено катната гаража „Судска палата", во согласност со условите од корисничкиот договор, но не и другите паркиралишта со коишто управува јавното претпријатие.
Останатите јавни паркиралишта со кои управува претпријатието, корисникот на ПККГ може да ги користи под општите услови за користење на јавните паркиралишта.
Организаторот на паркирањето го задржува правото да го раскине корисничкиот договор во случај на утврдени нарушувања на правата и обврските определени со склучениот кориснички договор.

## X.3. ЗЕЛЕНА ПЛАТЕЖНА КАРТИЧКА (GREEN PAY CARD)

**Член 45**

Зелената платежна картичка нуди можности на корисниците во однос на најава на гостински патнички моторни возила на јавните паркиралишта со кои стопанисува јавното претпријатие, рециклирање на пластични шишиња и лименки во специјалните повратни вендинг машини поставени на локации во Општина Центар како и други поволности.
Корисникот на Зелената платежна картичка (GREEN PAY CARD) не плаќа никаков надоместок за склучување на Договор и издавање на Зелена платежна картичка (GREEN PAY CARD) кон ЈП Паркинзи на Општина Центар –Скопје.
Зелената платежна картичка (GREEN PAY CARD) се активира со самото потпишување на корисничкиот договор.

**Член 46**

Зелената платежна картичка (GREEN PAY CARD) се издава на сите жители на Општина Центар физички лица коишто се жители на Општина Центар со живеалиште во опфат на некое од јавните паркиралишта со кои стопанисува јавното претпријатие согласно податоците од лична карта, врз основа на склучен кориснички Договор за користење на

јавно паркиралиште со наплата и издавање на Зелена платежна картичка (GREEN PAY CARD) со период на важност од 2 (две) години.

На една станбена единица во Општина Центар може да се издаде една Зелена платежна картичка (GREEN PAY CARD) за најава на гостински патнички моторни возила која се надополнува на при-пејд принцип.

Преку авторизираната Зелената платежна картичка (GREEN PAY CARD) жителите на Општина Центар за најава на гостински патнички моторни возила може да надополнат и искористат максимум 600 денари за 40 часа паркирање во рок од 30 дена, кои се користат на при пејд принцип во паркинг секторот на јавните паркиралишта според местото на живеење на корисникот, а по целосно искористување на износот, истиот не може да биде надополнет пред истекот на тој рок. За надополнетите средства за најава на гостински патнички моторни возила нема временски рок за нивно искористување.

**Член 47**

Во текот на денот, едно патничко моторно возило може да се најави единствено преку 1(една) Зелена платежна картичка (GREEN PAY CARD), без ограничување на времето на паркирање, во рамки на неискористените часови на паркирање.

Физичките лица кои се жители на Општина Центар и се корисници на Зелена платежна картичка (GREEN PAY CARD) можат да ги најават туѓите патнички моторни возила единствено на комерцијалните јавни паркиралишта од отворен тип и резидентните паркиралишта со кои стопанисува јавното претпријатие во опфат на паркинг секторот каде имаат живеалиште.

Физичките лица кои се жители на Општина Центар, а имаат живеалиште во опфат на јавно паркиралиште од затворен тип со кое стопанисува јавното претпријатие, преку Зеленатата платежна картичка (GREEN PAY CARD) можат да ги најават туѓите патнички моторни возила единствено на јавните паркиралишта од отворен тип во паркинг секторот кој е најблиску до нивното живеалиште согласно претходно утврдената листа од Организаторот на паркирањето.

**Член 48**

При склучување на договор за Зелена платежна картичка (GREEN PAY CARD), жителите на Општина Центар доставуваат:

- важечка лична карта во која како жителство е наведено Општина Центар и/или со користење на други технолошки средства за електронска иденификација согласно позитивните законски регулативи на Република Северна Македонија.

**Член 49**

Времетраењето на важноста на Зелена платежна картичка (GREEN PAY CARD) се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност од 2 (две години).

Доколку корисникот сака да го обнови договорот, должен е да го обнови истиот најрано во рок од 30 дена пред денот на истекот на важноста на тековниот договор, а најдоцна до денот на истекот на важноста на склучениот договор.

Доколку корисникот не го обнови договорот во рокот определен во претходниот став од овој член, наредното склучување на договорот ќе се смета за прво склучување на договор, под истите услови и на истиот начин како прво склучување на договор.

## XI. – ДРУГИ ТИПОВИ НА ПАРКИНГ КАРТИ

### XI.1. МОБИЛНА БИЗНИС ПАРКИНГ КАРТА

**Член 50**

Право на користење на Мобилна бизнис паркинг карта остварува секој деловен субјект кој има седиште или подружница на територија на Општина Центар во опфат на некое од јавните паркиралишта од отворен тип, а со кои стопанисува јавното претпријатие. Со мобилната бизнис паркинг карта, деловните субјекти може да им овозможат бесплатно паркирање на своите гости, на комерцијалните јавни паркиралишта од отворен тип во ЗОНА I и ЗОНА II со кои управува јавното претпријатие во паркинг секторот на кое се наоѓа седиштето или подружницата на деловниот субјект со јасно истакнување на мобилнта бизнис паркинг карта на предното стакло на возилото.

**Член 51**

На еден деловен субјект може да му се издадат најмногу 5 (пет) мобилни бизнис карти, одбележани со полниот назив на деловниот субјект за кој се издаваат.

**Член 52**

Овластеното лице од деловниот субјект, како доказ за исполнување на условите доставува тековна состојба за деловниот субјект од издадена од ЦРРСМ (*Не постара од 6 (шест) месеци*). Времетраењето на важноста на издадената мобилна бизнис паркинг карта се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.

**Член 53**

Со Договорот за користење на мобилна бизнис паркинг карта се регулираат правата и обврските на организаторот на паркирањето и корисникот. Корисникот подлежи на одговорност кон организаторот на паркирањето за било какви штети што ќе се појават како резултат на користењето на мобилната бизнис паркинг карта спротивно на одредбите на Договорот и законските и подзаконските акти.

**Член 54**

Мобилната бизнис паркинг карта се издава со соодветен надоместок утврден во Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта донесен од страна на организаторот на паркирање, по добиена согласност од Советот на Општина Центар-Скопје.

### XI.2. НМПК - НОВИНАРСКА МОБИЛНА ПАРКИНГ КАРТА

**Член 55**

Правото на издавање и користење на Новинарска мобилна паркинг карта го остварува секое физичко лице вработено или ангажирано како новинар во конкретен медиум или новинска агенција, кој е член на соодветно новинарско или медиумско здружение или синдикат, коешто има склучено договор за деловна соработка со јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар.

**Член 56**

Новинарска мобилна паркинг карта се издава и може да се користи единствено заради извршување на активностите поврзани со вршењето на новинарската дејност и слободен пристап до информации, со вкупно дозволено време на задржување најмногу до 2 (два) часа дневно на јавните паркиралишта на територијата на Општина Центар, со кои управува организаторот на паркирањето.

Во случај на надминување на дозволеното времетраење на паркирање врз основа на издадена новинарска мобилна паркинг карта, важат општите услови за користење на јавните паркиралиште со кои управува претпријатието.

Новинарската мобилна паркинг карта може да се користи единствено на комерцијалните јавни паркиралишта од отворен тип во Зона I и Зона II, со задолжително и јасно истакнување на паркинг картата на предното стакло на возилото и пријавување на почетокот на паркирањето во Контакт центарот на организаторот на парирањето.

**Член 57**

Новинарската мобилна паркинг карта се издава со соодветен надоместок утврден во Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта донесен од страна на организаторот на паркирање, по добиена согласност од Советот на Општина Центар-Скопје.

**Член 58**

Потребни документи за издавање на Новинарска мобилна паркинг карта и склучување на Договор за издавање на Новинарска мобилна паркинг карта се важечка:

- Потврда од медиум или новинска агенција дека физичкото лице е вработено или ангажирано како новинар во медиум или новинска агенција и
- Потврда дека физичкото лице е член на соодветно новинарско или медиумско здружение или синдикат кој има склучено договор за деловна соработка со јавното претпријатие.

**Член 59**

Времетраењето на важноста на издадената Новинарска мобилна паркинг карта се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.

## XII.ПАРКИНГ КАРТИ КОИ СЕ ИЗДАВААТ ЕДИНСТВЕНО ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКАТА ПЛАТФОРМА НА ОРГАНИЗАТОРОТ НА ПАРКИРАЊЕТО

### XII.1 ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА – ПКЖОЦ +

**Член 60**

Повластена паркинг карта – ПКЖОЦ + може да се издаде единствено на физички лица кои се жители на Општина Центар со живеалиште во опфат на некое од јавните паркиралишта со кои стопанисува јавното претпријатие согласно податоците од лична карта и веќе имаат склучено кориснички договор со јавното претпријатие за издавање на повластена паркинг карта за жители (ПКЖОЦ), а истата важи за користење на сите комерцијални јавни паркиралишта од отворен тип со кои стопанисува јавното претпријатие во Зона I и Зона II во рамки на времетраењето на истата.

Повластена паркинг карта – ПКЖОЦ+ на корисниците може да им се издаде единствено по електронски пат, со изработка на кориснички профил на електронската платформа на јавното претпријатие и со надоместок утврден во Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта со кои управува организаторот на паркирањето кој се наплаќа исклучиво по електронски пат преку електронската платформа.

Повластената паркинг карта ПКЖОЦ+ може да се издаде со важност од 30 дена, 90 дена, 180 дена или 1 (една година) година, но најдолго до времетраењето на важноста на склучениот договор со јавното претпријатие за издавање на повластена паркинг карта за жители (ПКЖОЦ).

## XII.2 ДНЕВНА ГОСТИНСКА ПАРКИНГ КАРТА

**Член 61**

Дневна гостинска паркинг карта може да се извади единствено од страна на физички лица кои се жители на Општина Центар и веќе имаат склучено кориснички договор со јавното претпријатие за издавање на повластена паркинг карта за жители (ПКЖ), а важи за комерцијалните јавни паркиралишта од отворен тип и резидентните паркиралишта со кои стопанисува јавното претпријатие само во опфат на паркинг секторот каде подносителот има живеалиште.

Начин на докажување за исполнетост на условите за издавање на дневната гостинска паркинг карта е важечка лична карта во која како живеалиште е наведено Општина Центар, како и важечки кориснички договор со јавното претпријатие за издавање на повластена паркинг карта за жители (ПКЖ).

Физичките лица кои се жители на Општина Центар, а имаат живеалиште во опфат на јавно паркиралиште од затворен тип со кое стопанисува организаторот за паркирање, може да извадат дневна гостинска паркинг карта која ќе важи единствено за јавните паркиралишта од отворен тип во паркинг секторот кој е најблиску до нивното живеалиште согласно претходно утврдената листа од Организаторот на паркирањето.

Дневната гостинска паркинг карта се издава единствено по електронски пат (преку регистрираниот кориснички профил на електронската платформа на јавното претпријатие) и има важност од 24 часа од моментот на нејзино издавање.

Дневната гостинска паркинг карта се издава со соодветен надоместок утврден во Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта донесен од страна на организаторот на паркирање, по добиена согласност од Советот на Општина Центар-Скопје.

## XII.3 НЕДЕЛНА ГОСТИНСКА ПАРКИНГ КАРТА

**Член 62**

Неделна гостинска паркинг карта може да се извади единствено од страна на физички лица кои се жители на Општина Центар и веќе имаат склучено кориснички договор со јавното претпријатие за издавање на повластена паркинг карта за жители (ПКЖ), а важи за комерцијалните јавни паркиралишта од отворен тип и резидентните паркиралишта со кои стопанисува јавното претпријатие само во опфат на паркинг секторот каде подносителот има живеалиште .

Начин на докажување за исполнетост на условите за издавање на неделната гостинска паркинг карта е важечка лична карта во која како живеалиште е наведено Општина Центар, како и важечки кориснички договор со јавното претпријатие за издавање на повластена паркинг карта за жители (ПКЖ).

Физичките лица кои се жители на Општина Центар, а имаат живеалиште во опфат на јавно паркиралиште од затворен тип со кое стопанисува организаторот за паркирање, може да извадат неделна гостинска паркинг карта која ќе важи единствено за јавните паркиралишта од отворен тип во паркинг секторот кој е најблиску до нивното живеалиште согласно претходно утврдената листа од Организаторот на паркирањето.

Неделната гостинска паркинг карта се издава единствено по електронски пат (преку регистрираниот кориснички профил на електронската платформа на јавното претпријатие) и има важност од 7 (седум) календарски дена со денот на нејзино издавање.

Неделната гостинска паркинг карта се издава со соодветен надоместок утврден во Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта донесен од страна на организаторот на паркирање, по добиена согласност од Советот на Општина Центар-Скопје.

## XII.4 МУЛТИ НЕДЕЛНА ПАРКИНГ КАРТА

**Член 63**

Мулти неделна паркинг карта може да извади секое физичко/правно лице кое има потреба да ги користи сите комерцијални јавни паркиралишта од отворен тип со кои стопанисува јавното претпријатие во Зона I и во Зона II.

Мулти неделната паркинг карта важи за паркинг зоните наведени во став 1 од овој член и може неограничено да се користи за сите комерцијални јавни паркиралишта од отворен тип со кои стопанисува јавното претпријатие во двете паркинг зони.

Мулти неделната паркинг карта се издава единствено по електронски пат (преку регистрираниот кориснички профил на електронската платформа на јавното претпријатие) и има важност од 7 (седум) календарски дена со денот на нејзино издавање.

Мулти неделната паркинг карта се издава со соодветен надоместок утврден во Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта донесен од страна на организаторот на паркирање, по добиена согласност од Советот на Општина Центар-Скопје.

## XII.5 МЕСЕЧНА ПАРКИНГ КАРТА

**Член 64**

Месечната паркинг карта може да извади секое физичко/правно лице кое има потреба да ги користи комерцијалните јавни паркиралишта од отворен тип со кои стопанисува јавното претпријатие во Зона I или Зона II.
Месечната паркинг карта важи за една од двете паркинг зони наведени во став 1 од овој член и може неограничено да се користи за сите комерцијални јавни паркиралишта од отворен тип со кои стопанисува јавното претпријатие во зоната за која е издадена.
Месечната паркинг карта се издава единствено по електронски пат (преку регистрираниот кориснички профил на електронската платформа на јавното претпријатие) и има важност од 30 (триесет) календарски дена со денот на нејзино издавање.
Месечната паркинг карта се издава со соодветен надоместок утврден во Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта донесен од страна на организаторот на паркирање, по добиена согласност од Советот на Општина Центар-Скопје.

**Член 65**

Изгледот на сите повластени паркинг карти го утврдува организаторот на паркирањето.

**Член 66**

Плаќањето на определениот месечен надоместок за склучените договори и издадените повластени паркинг карти може да се изврши преку овластена банка, во просториите на јавното претпријатие, како и преку електронски пат.
При уплата на надоместокот, корисникот задолжително треба да ги наведе регистарските таблички на возилото, предмет на склучениот кориснички договор.
Корисникот е должен редовно да го уплаќа надоместокот согласно склучениот кориснички договор. Доколку корисникот не плати 3(три) последователни месечни рати, организаторот на паркирањето може да го раскине корисничкиот договор и да му ја деактивира магнетната картица доколку се работи за јавно паркиралиште од затворен тип.
Доколку корисникот не го уплаќа месечниот надомест во согласност со условите од договорот, на истиот може да му биде издадена фактура за наплата по основ на користење на јавно паркиралиште.
Корисникот има право на приговор на фактурата согласно правната поука во истата.
Доколку корисникот не ја плати фактурата во законски предвидениот рок, ќе се продолжи со постапка за присилна наплата на услугата.

**Член 67**

Сите услуги и поволности што ги нуди Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар- Скопје, се достапни и може да се користат и преку официјалната веб страна на јавното претпријатие www.poc.mk.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 68**

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар – Скопје го задржува правото да го раскине корисничкиот договор во случај на утврдени нарушувања на правата и обврските определени со склучените кориснички договори.

**Член 69**

Повластена паркинг карта не се издава на нерегистрирано, напуштено, хаварисано и возило без регистарски таблички. По исклучок на нерегистрираните возила нема да се

применуваат општите услови од Одлуката за организација и начин на наплата на јавните паркиралишта од значење на Општина Центар.

**Член 70**

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото усвојување од страна на Управниот одбор на
ЈП „Паркинзи“ на Општина Центар – Скопје и по добиена согласност од Советот на Општина Центар, а ќе започне да се применува по истек на 90 дена од денот на објавување во Службен гласник на Општина Центар со исклучок на одредбите од член 45, член 46, член 47, член 48 и член 49 кои ќе започнат да се применуваат од денот на објавувањето во Службен гласник, по што престануваат да важат одредбите од Правилникот за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата бр.02-17/66 од 17.09.2024 година (објавен во Службен гласник на Општина Центар број 11/24) и Одлуката за изменување на Правилникот за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта бр.02-17/57 од 22.07.2025 година (објавена во Службен гласник на Општина Центар број 09/25).

**Член 71**

Овој Правилник се објавува во Службен гласник на Општина Центар - Скопје.

ЈП за јавни паркиралишта
Паркинзи на Општина Центар
Управен одбор
Претседавач

Зоран Никодинов